Архивски знак:
Shenja arkivore:
Рок на чување:
Afati i ruajtjes:
20 година vili
Потпис Nënshkrimi

Архивски број: 0801-282/7
14.12.2021 година

Постапувајќи по претставка бр.0801-282/1 поднесена од [redacted] врз основ на родов идентитет во областа на работата и работните односи против [redacted] ДООЕЛ", во согласност со член 21 став 1 и член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД) (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 14.12.2021 Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) го донесе следното мислење

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на [redacted] сопственик на [redacted] ДООЕЛ" кон [redacted] врз основа на родов идентитет во областа на работата и работните односи.

## Образложение

На 28.09.2021 до КСЗД беше доставена претставка од [redacted] и [redacted] Скопје, за сторена дискриминација врз основа на родов идентитет во областа на работните односи извршена од страна на [redacted] сопственик на [redacted] ДООЕЛ". Во претставката подносителот се жали дека 1) сопственикот [redacted] не го прифатил родовиот идентитет на [redacted], 2) користејќи го дебалансот на моќ помеѓу работодавач и работник му задавал обврски надвор од работните и 3) во поглед на работната униформа не го третирал еднакво во споредба со другите вработени .

Имајќи ги во предвид наводите од претставката, КСЗД утврди дека тврдењето за дискриминација е веројатно и во согласност со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на 04.10.2021 година до [redacted] и „[redacted] ДООЕЛ" достави барање за изјаснување заверено под број 0801-282/2 со што товарот на докажување се префрли врз потенцијалниот дискриминатор. На 22.10.2021 од страна на „[redacted] ДООЕЛ" беше доставен одговор по барањето за изјаснување заверен под број 0801-282/5. Во одговорот се наведува дека сопственикот [redacted] никогаш не навлегувал во приватноста на вработените, односно дека уште од самиот старт [redacted] му укажал дека во поглед на неговиот родов идентитет може да му се обраќа во кој сака род, Понатаму, наведено е во одговорот, дека на [redacted] на почетокот не му пречело


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

да ја носи спорната работна униформа и дека за прв пат покажал незадоволство после цела година работа во фирмата. На крајот, во одговорот е наведено дека престанокот на работниот однос на [redacted] се темели на несогласување со колешките, недоразбирање и арогантен однос (за што биле добиени поплаки и жалби), неажурност на работното место, запоставување на задолженијата, одбивање да носи работна униформа, непочитување кон сопственикот и арогантен и дрски одговор на барањето да се почитуваат правилата.

Со оглед на тоа што одговорот по барањето за изјаснување содржеше само наративен одговор без притоа да достават материјални докази, КСЗД на 16.11.2021 достави барање за доуредување на изјаснувањето заверено под број 0801-282/6. Во барањето КСЗД побара од „[redacted] ДООЕЛ" да ни достават: 1) копија од работниот договор, 2) копија од поплаките и жалбите кон [redacted] од страна на колешките, 3) копија од писмено предупредување на работникот за неисполнување на работните обврски во согласност со член 73 од Законот за работни односи, 4) писмен доказ дека секој работник е обврзан да носи работна униформа и 5) писмена преписка со која на [redacted] му се дава до знаење дека може да бира друга брендирана работна униформа. Во барањето за доуредување на дискриминаторот му беше посочено дека според член 30 од ЗСЗД рокот за одговор е 8 (осум) дена од приемот на претставката.

До КСЗД не беше доставен одговор по барањето и во согласност со членот 27 став 1 и членот 21 став 1 точка 14 од ЗСЗД, затоа КСЗД донесе мислење ценејќи ги фактите и доказите кои ни беа понудени и заклучи дека сопственикот на фирмата извршил директна дискриминација со тоа што кон [redacted] постапувал неповолно во споредба со останатите вработени, го отпуштил од работа без да поведе дисциплинска постапка и го злоупотребил дебалансот на моќ помеѓу работодавач и вработен.

## ПРЕПОРАКА

Се препорачува [redacted] сопственик на „[redacted] ДООЕЛ" да го почитува Законот за спречување и заштита од дискриминација како и Законот за работни односи членовите 6, 7, 9, 9-а и 10 и притоа да престане со дискриминаторските практики на работното место.

Се препорачува [redacted] во иднина да се воздржи од дискриминирање врз основ на родов идентитет или било која друга заштита карактеристика, да создаде услови за работна атмосфера без вознемирување како и да не дискриминира во пристапот до работни места врз основа на родов идентитет или друга заштита карактеристика.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

До дискриминираниот [redacted], КСЗД препорачува тој да го пријави случајот до Државниот трудов инспекторат и да си го оствари правото на оштета преку надлежен суд.

Скопје
14/12/2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација * Скопје

Доставено до
-[redacted], ул.[redacted], 1000 Скопје
-[redacted], [redacted]
-[redacted]-ул.[redacted]
[redacted]1000 Скопје


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk